Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 25.08.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-3240/2 од 24.08.2022 година за поведување прекршочна постапка на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување бр.10-3240/1 од 24.08.2022 година на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово и утврди прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

2. Советот заклучи против ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 12, 16, 17 и 18 август 2022 година, во повеќе реални часови емитувана програма одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалиција НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА предводена од СДСМ), повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од опозицијата (ВМРО - ДПМНЕ) и повеќе од 1 минута за платено политичко рекламирање за политичка партија во Собранието на Република Македонија која на последните избори за пратеници не освои доволно пратеници да формира пратеничка група (Политичка партија - ЛЕВИЦА).

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-3223/7

25.08.2022 година

Скопје

во 14:45

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**